**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА ФОН**

Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-19/7
20.10. 2020 год.
СКОПЈЕ

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# БИЛТЕН

**НА**

**Американскиот универзитет на Европа – ФОН**

**БРОЈ 234**

**Скопје, 20.10.2020**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на еден наставник во сите наставно - научни звања по стручно - уметнички предмети, од областите Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектурното наследство - 20103 и областа Конзервација и ревитализација на културно историски споменици - 20113..........................3808
2. Рецензија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање Виш лектор по англиски јазик.......................................................................................3818

**Р Е Ф Е Р А Т**

**За избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети при УАЕ-ФОН Универзитет**

Наставно-научниот совет на Архитектонски Факултетот при УАЕ-ФОН Универзитет, на 12-та седница на ННС одржана на 21.09.2020 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија" од 31 Август 2020 година, со Одлука донесена на 12-та седницата на ННС одржана на 21.09.2020 година, формира Рецензентска комисија за избор на **наставник**, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети во состав: проф. д-р Марула Николоска, претседател, проф. д-р Тамара Теофиловска Бојаџи, член и вон. проф. д-р Мимоза Клековска, член.

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областите:
-Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектурното наследство (20103)
-Конзервација и ревитализација на културно историски споменици (20113)
се пријави единствено кандидатот **м-р Екатерина Намичева.**

По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно–научниот совет на Архитектонски Факултетот при УАЕ-ФОН Универзитет, го поднесува следниот:

**ИЗВЕШТАЈ**

- **м-р Екатерина Намичева** - достави документација пред почетокот на работата на рецензионата комисија.

**Биографски податоци**

1. Кандидатот **м-р арх. Екатерина Намичева,** е родена на 25.04.1992 година во Скопје. Средното образование го завршува во 2010 година на англиски јазик во интернационалната гимназија Нова.

Во септември 2010 година се запишува на Факултетот за Архитектура и дизајн при универзитетот Американ Колеџ во Скопје, каде **дипломира** во септември 2013 година со тема на дипломска работа "Дом за стари лица во Скопје" под менторство на проф. Виолета Бакалчев и се стекнува со звање дипломиран инженер архитект, со просек на додипломски студии А- 3.45/4.00 **(9,34).**

Во септември 2013 година започнува со студии на Факултетот за Архитектура и градежно инженерство при Politecnico di Milano на насоката презервација на културно наследство. На 21 декември 2015 година го одбранува својот магистерски труд под *наслов "The Church of Saint Sophia in Ohrid, the Republic of Macedonia. Architectural analysis of its restorations and the revitalization of the west entrance and the surroundings"* под менторство на проф. д-р Stefano L'occaso и се здобива со звање магистер по архитектура, со просек 99/110 **(9,44).**

Од Октомври 2014 се запишува на втори магистерски студии на Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип со насока Дизајн и технологии на мебел и ентериер, каде магистрира на 09.03.2020 година.
Намичева е докторант на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на институт за културолошки студии, на тема „Културната меморија на градот Скопје и палатите од почетокот на 20от век".

Во текот на магистерските студии во Италија се има стекнато со пракса од областа на презервација во текот на 2014-2015 година, каде има работено на истражување во архивите за документација на реставрации на Палацо Дукале во Мантова, техничка документација за фазите на реставрација во палатата под менторство на проф. д-р Stefano L'occaso.

Од април 2016 е ангажирана како стручен соработник на Архитектонски факултет при ФОН Униеризитет на предметите Историја на Архитектура 1, Историја на Архитектура 3 и Ентериер-внатрешно уредување 2.

Во Мај 2016–та година кандидатката е избрана во помлад асистент на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет. Во октомври 2016 и 2019 година е избрана во помлад асистент на факутетот за Арт и дизајн при ЕУРМ. Во октомври 2019 година е избрана за асистент на Архитектонскиот факултет при АУЕ-ФОН Универзитет.

**Работно искуство**:

**15/03/2016-03.10.2016 ФОН Универзитет** | Помлад асистент на факултетот за Архитектура | Асистент на предметите по Историја на Архитектура 1, Историја на Архитектура 2 и Ентериер 2.

**03/10/2016- 03.09.2019 Европски Универзитет Република Македонија** | Помлад асистент на факултетот за Арт и Дизајн | Асистент на предметите по Основи на проектирање 1&2, Дизајн на ентериер, Дизајн на мебел, 3д дизајн, Илуминација на ентериер, Фотографија, Компјутерско дизајнирање, Мултимедија, Сценографија, Ентериер дизајн 1&2.

**Од 03.09.2019 ФОН Универзитет** | Асистент на предметите Историја на Архитектура 1, Историја на Архитектура 2, Ревитализација на историски јадра, Основи на проектирање, Македонска историја и уметност, Основи на урбанизам

**Членства:**

**Од 2010** –член на Ерменска заедница во Република Македонија
**Од 2013** –член на ICOM- International Council of Museums
**Од 2015** –член на АРХИФАКТ- здружение за архитектура, дизајн и култура

**Награди и признанија:**

**2010-2014-** Интернационална стипендија | Armenian General Benevolent Union | 55 East 59th Street, 7th Floor , New York, NY 10022-1112

**2014-2015-** Стипендија доделена од регионот Ломбардија за магистерски студии | Diritto allo Studio at Politecnico di Milano

**Учество во работилници:**

**2014- Urban preservation critiques project on UNESCO WHL with Prof. Jyoti Hosagrahar.** | Politecnico di Milano Piazza Leonardo da Vinci 32, Milano 20133, Italy.

**2014- Urban preservation laws and project in Australia, Melbourne with Prof. Guillermo Aranda-Mena** | Politecnico di Milano Piazza Leonardo da Vinci 32, Milano 20133, Italy.
**2015- Designing the shore of Mantova with Prof. Casal Ribeiro Helder Francisco** | Politecnico di Milano Piazza Leonardo da Vinci 32, Milano 20133, Italy.
**2018- „Радикално образование"** | Forensic architecture | работилница | Музеј на современа уметност

**Практична работа:**

**01/06/2011-01/07/2011- Studio 2000** | Практична работа на проекти|
**20/07/2011 - 25/08/2011- Luys Foundation** | Mentorship program | Организација на настани и изложби
**07/2010- Habitat for Humanity** | Волонтер во изградба на станбен комплекс Велес за социјално загрозени групи

**Учество во проекти од областа на културното наследство:**

**11/05/2015-07/08/2015- Soprintedenza belle arti e paesaggio per le Provincie di Brescia, Cremona e Mantova-Piazza Paccagnini 3, Mantova** | истражување во архивите за документација на реставрации на Палацо Дукале во Мантова, техничка документација за фазите на реставрација во палатата под менторство на проф. д-р Stefano L'occaso.

**03/12/2014-14/03/2015- Comune di Mantova/Department for Urbanism -Via Roma 36, Mantova** | мапирање и типологија на историското јадро на Мантова, проект на УНЕСКО.

**20/07/2018 - 20/09/2018-Autorska Pracownia arch. Macieja Małachowicza, Parafialna 16, 52-233 Wrocław, Poland** | Архитект конзерватор | Истражување и конзерваторски проект за палата од 1620 година во централниот дел на Bystrzyca Kłodzka во соработка со проф. Малахович.

**20/07/2018 - 20/09/2018-Autorska Pracownia arch. Macieja Małachowicza, Parafialna 16, 52-233 Wrocław, Poland** | Архитект конзерватор | Истражување и конзерваторски проект за црква св. Катерина во Bierutów, во соработка со проф. Малахович.

**2019-Универзитет „Гоце Делчев" – Штип** | Научно истражувачки проект поддржан од Универзитет „Гоце Делчев" | Истражување на положби на седење во симфониски оркестар.

**Јуни-Јули 2019-Традиционалната архитектура во Демир Хисар од 19 и почетокот на 20 век** | истражувачки проект поддржан од Министерство за култура на РМ | АРХИФАКТ

**2019-ArchiGreenKult Село Љубанци** | Интерактивни истражувачки работилници и документирање на архитектонското традиционално наследство на село Љубанци.

**Август 2020- Интерактивна игра МемоАрх** | проект поддржан од Град Скопје | истражување и дизајн на интерактивна едукативна игра со традиционална архитектура

**Изложби:**

**2017- „90 години од раѓањето на уметникот Димитар Кондовски“** | *3-17 Април, 2017, Македонски Народен театар, ISBN-13 978-9989-790-19-5*
**2017- „Скопје АрхиТРАНСформа-Архибелези“** | 26 Јули-17 Август, Музеј на град Скопје, ISBN-978-3608-233-066-2
**2018- “Руските архитекти во Скопје”** | Музеј на македонската борба, дел од поставката за изложбата Русите во Македонија, 20-28 Октомври, 2018, Државен Архив на РМ (ДАРМ).
**2018- Едукативна поставка МемоАрх** | Скопје креатива, 11-13.05.2018, МКЦ Скопје
**2018- Модна инсталација “Во името на фалусот и јас сум човек”** | Скопје креатива, 11-13.05.2018, МКЦ Скопје.
**2018- Автор на архитектура за деца “Дете и простор“** | инсталација пред платото на МКЦ | Скопје креатива 2018, 11-13.05.2018, МКЦ Скопје.
**2018-Интерактивна поставка T+Arh** | Музеј на тетовскиот крај | Декември 2018
**2019- РеТекс-Архисегмент** | Скопје креатива 2019, МКЦ Скопје.
**2019- Изложување на дела на фестивалот 4-th Women's Scream Festival Macedonia**
**2019-"I scream for me"** | Јавна соба | 28ми Март, Скопје.
**2019- Автор на CreArt Pavilion** | ботаничка градина | АРХИФАКТ проект ReBreathSk

**Менторство:**

**2017- Ментор и автор на работилница за портретна фотографија во соработка со фотографот Драган Гајиќ и МНТ** | Јуни 2017, Македонски Народен Театар
**2018- Ментор и автор на работилницата РеТекс** | 20-21 Мај 2018, Музеј на град Скопје, дел од европскиот проект КреАрт.
**2018- Ментор и автор на работилницата РеТекс** | 18 Април 2018, Музеј на град Скопје, подржано од Министерство за култура на РМ.
**2018-** Учество како ментор на студентите од катедрата за ентериер-ЕУРМ во проектот за Инклузивна училница-Inno4edu на Старт ап во соработка со УНИЦЕФ

**2019- Ментор и автор на работилницата РеТекс |** 15 Јуни 2019, Музеј на град Скопје, подржано од Министерство за култура на РМ.

Екатерина Намичева има објавено повеќе научно-стручни трудови во областа на културното наследство:

| Ред. број | Автори | Наслов | Научно списание, издание | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Main characteristics of urban concept of Novo Selo - Shtip at 19th and the early 20th century** | Natural Resources and Technology,7(7), ISSN 185-6966 | 2013 |
| 2. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Urban concept of the city of 19th and early 20 century in Macedonia** | Natural Resources and Technology, 7 (7). ISSN 185-6966 | 2013 |
| 3. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Village house in Krivopalanechko and its prospects** | Slavishki Zbornik. ISBN 13 978- 9989 -270 -1- 4, 2 (2). , pg. 201-214 | 2013 |
| 4. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Spatial organization of the traditional house in Shtip** | UGD, Shtip 8 (8)ISSN 185-6966, pg. 127-138 | 2014 |
| 5. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Cultural needs and their impact on the transformation of contemporary urban living in Macedonia** | (JPMNT) Journal of Process Management New Technologies, International, 2 (4) ISSN 2334-7449, pg. 73-79 | 2014 |
| 6. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Protection of the traditional architecture from 19th and the beginning of the 20th century in Macedonia** | (JPMNT) Journal of Process Management New Technologies, International, 2 (2) ISSN 2334-7449, pg. 1-7 | 2014 |
| 7. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Traditional elements of the streets as urban element of the Macedonian town** | UGD, 8 (8) ISSN 185- 6966, pg. 115-126 | 2014 |
| 8. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **The outer shape of the house of Novo Selo and Stip in the context of the Macedonian profane architecture from the 19th century** | First Scientific Conference- The role of Novo Selo in the Macedonian History ,ISSN ISBN 978-608-4662-24-2, pg. 165-181 | 2014 |
| 9. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Private living dwellings in the traditional architecture of the 19th and the beginning of the 20th century** | Patrimonium.MK - Periodical for Cultural Heritage – Monuments, Restoration, Museums, 7 (12). ISSN 1857-9612, pg. 325-336 | 2014 |
| 10. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **The spatial development of Kratovo townhouse from the 19th and early 20th century.** | Музејски гласник, Музеј на град Кратово7 (7). ISSN 1857-5374, pg. 59-79 | 2014 |
| 11. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Transformation and adaptability of the spatial distribution of different types of houses on the urban concept in cities from 19th century in Macedonia** | JPMNT(Journal of Process Management New Technologies), 3 (3). ISSN 2334-7449, pg. 1-8 | 2015 |
| 12. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **National architecture in the village settlements of Polog from 19th to the first half of the 20thcentury.** | PATRIMONIUM.MK Periodical for Cultural Heritage – Monuments, Restoration, Museums -, 8 (13). pg. 337-352. ISSN ISSN 1857- 5811 | 2015 |
| 13. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Urbanization and fortification of the Skopje fortress in the medieval period.** | *Samuel's state in the historic, military-political, spiritual and cultural tradition of Macedonia.* pg. 287-297. ISSN ISBN 978-608-65524-6-6 | 2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Decorative motifs in the interior of the town house of the 19th century in Macedonia.** | . Natural resources and technology, IX (9). pp. 343-357. ISSN ISSN: 185-6966 | 2015 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Shaping the interior of city house from 19th century in Macedonia.** | Natural resources and technology, IX (9). ISSN ISSN: 185-6966 | 2015 |
| 16. | Екатерина Намичева, Мартина Петрова | **Ancient and modern restorations of the Sala dello Zodiaco in the Ducal palace of Mantua** | September Issue of Civilita Mantovana | 2016 |
| 17. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **The transformation of cultural memory through the traditional architecture in Macedonia.** | Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 1 (1). pp. 185-197. ISSN 2545-3998 | 2016 |
| 18. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **The Influence Of Islamic Architecture On Traditional Way Of Building Residential Houses From 19th Century In Macedonia** | Natural resources and technology, Faculty of Natural & Technical Sciences Goce Delcev University – Stip. pp. 121-133. ISSN 185-6966 | 2016 |
| 19. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Traditional Architecture with Contemporary Use.** **Methods of Preserving the National Architecture of Macedonia.** | Journal of Settlements and Spatial Planning, Centre for Research on Settlements and Urbanism, vol. 7, no. 1 (2016) pg. 89-97. ISSN 2069-3419 (print) 2248-2199 (on line) | 2016 |
| 20. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **The main features of the urban house in Kriva Palanka from the 19th century** | Славишки зборник, 3 (3). pp. 127-144. ISSN ISBN 978- 9989 -2970 -2- 1 | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **National architecture in the city of Dojran and its region Dojransko from 19th and the beginning of 20th century.** | PATRIMONIUM.MK Periodical for Cultural Heritage – Monuments,Restoration, Museums, year 9, 14/2016. pg. 307-324. ISSN 1857-9612 | 2016 |
| 22. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Authenticity and pride of vernacular settlements in Macedonia.** | Palimpsest, International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, Vol. I, No 2, Shtip, ISSN 2545-3998, pg. 143-156 | 2016 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Намичева Екатерина, Благојче Наумоски, Петар Намичев | **Reuse of architectural space through artistic components contributing to circular economics.** | *"Conference Contemporary aspects of circular economy,,* EURM, Skopje, Macedonia | 2017 |
| 24. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **AI and its role in preserving cultural heritage-transforming the city's urban memory.** | *Научна конференција ЕУРМ "Вештачката интелигенција-предизвик на дигиталната ера"* | 2018 |
| 25. | Намичева Екатерина, Намичева Јасминка | **"Улогата на руските архитекти во трансформацијата на архитектонската слика на градот Скопје во почетокот на 20от век** | *Конференција Русите во Македонија, 19 Октомври, 2018, Државен Архив на РМ (ДАРМ).* | 2018 |
| 26. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **The Balcony Loggia - a Vital Spatial Element of the 19th Century House in Shtip.** | *Palimpsest International Journal for Linguistic, Literary and Cultural Research, 3 (5). pp. 207-220. ISSN 2545-3998.* | 2018 |
| 27. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **The traditional architecture near Skopje-Skopska Crna Gora from XIXth an the early XXth century. Project Report..** | *Monograph (Project Report)* | 2018 |
| 28. | Намичева Екатерина, Катерина Деспот, Михаил Намичев | **Влијанието на мебелот врз културолошкиот аспект на станбениот простор во првата половина на 20 век.** | *ПАЛИМПСЕСТ - Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 4, Бр. 7UDC:684.4:728.3(497.711) (049.3) Штип, 2019* | 2019 |
| 29. | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Виртуелната реалност како метод на промоција на архитектонското културно наследство и на културната меморија** | *ПАЛИМПСЕСТ - Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања, Год. 4, Бр. 8, UDC: 930.85:004.932 Штип, 2019* | 2019 |
| 30 | Намичев Петар, Намичева Екатерина | **Традиционалната архитектура во велешко од 19 век и почетокот на 20 век** | *PATRIMONIUM Spisanie za kulturnoto nasledstvo - spomenici, restavracija, muzei - Година 12, број 17 / 2019 УДК: 728.6(497.713)"18/19"* | 2019 |

**Проекти од областа на дизајнот:**

1. Дизајн на каталог за изложбата **ПОРТАЛИ/PORTALS** 2018- CreArt. Network of Cities for Artistic Creation
2. Дизајн на каталог за работилница **РеТекс** 2018- CreArt. Network of Cities for Artistic Creation
3. Дизајн на каталог за изложбата **РЕЛАЦИИ/RELATIONS** 2019- CreArt. Network of Cities for Artistic Creation
4. Дизајн на 4 постери во склоп на активностите на **CreArt 2018**
5. Редизајн на лого за **РУДНИЦИ БАЊАНИ** АД-2018
6. Дизајн на лого и визуелен идентитет на архитектонско биро **ЧИП-Човек и простор,** Скопје 2018
7. Дизајн на лого и визуелен идентитет на невладина организација **АРХИФАКТ**-2018
8. Дизајн на постер за работилница **РеТекс 2019**
9. Дизајн на сет од поштенски картички за креативна работилница во ботаничка градина **ReBreathSk-CreArt 2019**, Network of Cities for Artistic Creation
10. Дизајн на портфолио за невладина организација **АРХИФАКТ**-2019
11. Дизајн на постер/каталог за изложбата **ПОРТАЛИ/PORTALS** 2020- CreArt. Network of Cities for Artistic Creation

По согледување на доставената документација на кандидатите, Рецензионата комисија констатира дека:

1. Кандидатот **м-р Екатерина Намичева** има завршен втор циклус на студии од соодветното научно подрачје и е Магистер по архитектура. Кандидатката Намичева има просек на студиите во прв циклус од 9.34 и просек на студиите од втор циклус од 9.44. Кандидатката има приложено документ за познавање на англиски јазик преку меѓународно признаена потврда TOEFEL - 87 бода. Кандидатката како претходен стручен соработник (асистент) на Архитектонски факултет при ФОН универзитет и ЕУРМ, покажува способност за наставно-научна дејност и педагошка работа. Има објавено научни и стручни трудови.

Со оглед на претходно изнесеното, рецензентската комисија констатира дека кандидатот ги оседува соодветните квалитети, одговара на условите и критериумите потребни според објавениот конкурс.

## ЗАКЛУЧОК

Со оглед дека на распишаниот конкурс за избор на **наставник**, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети на Архитектонски Факултетот при УАЕ-ФОН Универзитет, се пријави еден кандидат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот **м-р Екатерина Намичева ги исполнува** условите да се направи избор на **наставник**, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областа Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектурното наследство и Конзервација и ревитализација на културно историски споменици, на Архитектонски Факултетот при УАЕ-ФОН Универзитет и препорачува до наставно научниот совет на Факултетот да го избере кандидатот м-р Екатерина Намичева во **доцент**, во сите наставно-научни звања по стручно-уметнички предмети од областа
-Развој на архитектурата и урбанизмот и архитектурното наследство (20103)
-Конзервација и ревитализација на културно историски споменици (20113)
на Архитектонски Факултетот при УАЕ-ФОН Универзитет.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**проф. д-р Марула Николоска, с.р.** претседател

-----------------------------------------------------------

**проф. д-р Тамара Теофиловска Бојаџи, с.р.,** член

-----------------------------------------------------------

**вон. проф. д-р Мимоза Клековска, с.р.** член

-----------------------------------------------------------

# РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ ВО ЗВАЊЕ ВИШ ЛЕКТОР ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН, Република Македонија, на својата редовна седница одржана на 23.09.2020 година, донесе одлука за формирање рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лилјана Митковска, проф. д-р Љубица Кардалеска и виш лектор м-р Наташа Алексоска, за избор на еден виш лектор по англиски јазик на Факултетот за странски јазици при Американскиот универзитет на Европа - ФОН во Скопје.

## РЕЦЕНЗИЈА

На конкурсот објавен на 31.08.2020 година се има пријавено м-р Ана Арсовска (родена Јанкуловска), како единствен кандидат. Откако ја разгледавме пријавата и доставената документација го подготвивме следниот извештај за биографијата, наставната и научноистражувачката дејност и поширокиот општествен ангажман на кандидатката.

**Биографски податоци**

М-р Ана Арсовска, род. 1992 год., дипломирала Англиски јазик, наставна насока, со француски јазик под Б, на факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН со просечен успех 10.00. На постдипломските студии на насоката Применета лингвистика на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН се запишала по дипломирањето, во 2014 год. Предвидените испити ги положила со просек 10.00. Во 2016 год. ја одбранила магистерската теза под наслов „J.K. Rowling's Glossopoeia in the Harry Potter series" и се стекнала со научен степен Магистер по применета лингвистика. Следната година, 2017, се запишала на докторски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, на студиската програма Наука за јазикот, каде што е сè уште докторанд. Со успех ги има положено предвидените испити, учествувала на две презентации на истражувачки трудови за контрастивна анализа на фазните и копулативните глаголи во англискиот и македонскиот јазик, кои биле позитивно оценети. Во моментот е во процес на изработка на докторска дисертација на тема „Англиските *get*-конструкции и нивните еквиваленти во македонскиот јазик".

Во 2016 г. Ана Арсовска е избрана за лектор по англиски јазик со познавање на француски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН, каде што изведува лекторски вежби по англиски и француски јазик, како и вежби по стручни предмети од областа на англиската лингвистика.

**Професионално искуство**

Веднаш по дипломирањето м-р Ана Арсовска почнува со стекнување работно искуство во наставата по странски јазик. Во 2014 год. е ангажирана како практикант за група предмети од сферата на англискиот јазик, англиски како странски јазик и француски јазик на ФСЈ при Универзитетот ФОН. По изборот за лектор во 2016 таа е целосно вклучена во наставата на ФСЈ, како за лекторски вежби така и за вежби по предметите Фонетика и фонологија, Лексикологија, Синтакса и Контрастивна анализа на АЈ и МЈ. Во својата педагошка активност се истакнува со особена посветеност, систематичност и методичност. Кандидатката крајно професионално ги исполнува своите обврски во сите задолженија. Покрај тоа, таа е безрезервно вклучена во сите активности при ФСЈ, како подготовка на програми, распореди, тестирање на кандидати и други организациски работи. Таа е исто така вклучена и во активностите на ниво на Универзитетот ФОН, особено во проектот „Фабрика на знаење" каде била еден од менторите на тимот за Музејот на Современата Уметност – Скопје во 2017, тимот за извршување на задача за Град Скопје во 2018, а во 2019 е поставена за координатор на тимот за ECM.

**Професионален развој**

Покрај ангажираноста во изведувањето на наставата, м-р Ана Јанкуловска покажува впечатлив степен на самоиницијативност и доследност и во своето континуирано вложување во професионалниот развој, кој по завршувањето на вториот циклус на студии се насочува кон теориски и практично-едукативни цели. Изборот на докторски студии од областа Наука за јазикот е потврда за нејзиното насочување кон лингвистичко-теориски истражувања. Во таа насока е и учеството на обуката за истражувачки методи (Quantitative and mixed methods in writing research) организирана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје во мај 2018 и посетата на Летна лингвистичка школа во Кромериж, Република Чешка во август истата година, како и учеството со свој труд („Употреба на инфинитив или глаголска именка кај македонските изучувачи на англискиот јазик") на Десеттиот научен собир на млади македонисти одржан во Скопје 2018 г.

Во рамките на педагошко-едукативниот развој се вклучува нејзиното учество на две професионални работилници со теми од методиката на изведување настава по странски јазик. Обуката „Стандардизација на оценувањето" е одржана во декември 2016 г во организација на Британскиот совет во Скопје, а работилницата под наслов „Зајакнување на јазичните компетенции на идните наставници по странски јазик со имплементирање на ЗЗРРЈ (Заедничката европска референтна рамка за јазиците) е одржана во јануари 2020 на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Неколкуте публикации на кои работела, наведени подолу, ги отсликуваат овие две тенденции во нејзиниот професионален развој.

**Публикации**

Јанкуловска А., Тодоровска А., Танева Е. (2015) Одговори на комплименти во македонскиот јазик. *Литературен збор* LXII 1-3, 61-76.

Арсовска А. (2020) Употреба на инфинитив или глаголска именка кај македонските изучувачи на англискиот јазик. *VISIONE* 35 (www.visionsmagazine.org)

Арсовска А. (2020) J. K. Rwing's Glossopoeia in the Harry Potter Series – Lexical and Etymological Analysis. *VISIONE* 35 (www.visionsmagazine.org)

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изложениот преглед може да се заклучи дека кандидатката м-р Ана Арсовска (Јанкуловска) целосно ги исполнува условите на конкурсот за избор на виш лектор по англиски јазик: завршена соодветна насока при студирањето, постдипломски студии на соодветна насока, постигнат висок просек при досегашните студии, наставно искуство, понатамошно стручно и теориско усовршување. Имајќи ја предвид нејзината досегашна успешна работа, односот кон студентите и целокупниот ангажман на Универзитетот ФОН, но и широчината на интереси и нивното успешно поврзување со примарната област на стручен и научен интерес, кандидатката **Ана Арсовска** несомнено заслужува да биде избрана. Со оглед на гореизнесеното со задоволство предлагаме да биде избрана во звање **виш лектор по англиски јазик** на Факултетот за странски јазици при АУЕ – ФОН универзитетот во Скопје.

Скопје

02.10.2016

Рецензентска комисија:

1. проф. д-р Лилјана Митковска, с.р.

________________________________

2. проф. д-р Љубица Кардалеска, с.р.

________________________________

3. виш лектор м-р Наташа Алексоска, с.р.

________________________________